# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Петтото продолжение на Дваесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 јуни 2007 година

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,09 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги заземат своите места.

Продолжуваме со работа по Дваесеат и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Арбен Џафери, Мендух Тачи, Даут Реџепи, Елмазе Селмани, Љубчо Георгиевски, Зоран Витанов, Бесим Догани, Андреј Жерновски, Алил Ахмети, Фазли Велиу, Азис Положани, Зумрете Јакупи, Благој Зашов, Радмила Шекеринска, Лазар Китановски, Владо Бучковски, Илинка Митрева, Есад Рахиќ, Абдулади Вејсели, Теута Арифи, Тито Петковски и Никола Ќуркчиев ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Предлог за донесување на Деловник на Собранието на Република Македонија -** Продолжуваме со претрес.

Има збор Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам претседателе.

И покрај тоа што парламентарното мнозинство веќе неколку месеци не убедува дека е врвен приоритет донесувањето на нов деловник, јас денес гледам празна сала и само 5-6 пратеници од парламентарното мнозинство, што само го покажува нивниот однос кон врвните приоритети што сами ги определуваат.

Друго е прашањето што врвниот приоритет кој што беше истакнат од страна на парламентарното мнозинство, од страна на господинот Трајко Вељаноски - впрочем, претседателе, предлагачот го нема, јас не би требала да зборувам додека предлагачот не дојде. Барам предлагачот да влезе во салата пред да продолжам. Ве молам, додека не дојде предлагачот ...

(Укажување од присутните дека тука е присутен овластениот предлагач госпоѓа Ристана Лалчевска).

**Љубиша Георгиевски:** Продолжете.

**Славица Грковска:** Интересно е тоа што врвниот приоритет, како што го нарековте деловникот или новиот деловник вие господине претседател, меѓутоа и господинот Трајко Вељаноски од страна на парламентарното мнозинство, беше врвен приоритет и станува врвен приоритет во зависност од времето во кое се предлага или се продолжува дискусијата по овој деловник. Беше врвен приоритет во јануари оваа година заради тоа што беше поттикнат од сосема други побуди. Побудите беа да се ограничи времетраењето на зборувањето на опозицијата, да се ограничи правото на говорот на опозицијата на 10 минути и тука не се бираа ниту начини ниту средства како тоа да се направи. Имено, откако се увиде и по спасоносниот предлог на госпоѓата Лилјана Поповска дека за да се ограничи правото на говор и не е потребен нов деловник, туку треба само во стариот Деловник да се измени членот во кој ќе се додаде измена и ќе се ограничат дискусиите, ние запревме со расправата по овој текст на деловникот, меѓутоа затоа добивме нов Предлог од страна на госпоѓата Лилјана Поповска како спасител на парламентарното мнозинство за измени и дополнување на Деловникот, што се однесуваше само на тој член, а тоа е ограничувањето на дискусиите. Меѓутоа, за среќа, заради реакцијата на опозицијата, ваквиот обид на “демократското владеачко мнозинство” беше осуетен, после што врвниот приоритет наречен деловник на парламентарното мнозинство беше заборавен и наеднаш беше активиран пред два дена, меѓутоа сега во сосема друга цел. Цел на спроведување на договор меѓу Груевски и Али Ахмети. И може господинот Трајко Вељаноски, а и парламентарното мнозинство, да го нарекува тоа фамозен договор, како што го вика тоа пратеничката група на ДПА, може да го вика усен договор, како што го вика господинот Трајко Вељаноски и други припадници на ВМРО-ДПМНЕ, може да го вика записник, како што вели господинот Груевски, меѓутоа, факт е дека постои документ и тоа на англиски јазик, што е сосема спротивно на Уставот, постои документ за кој што се договориле Груевски и Али Ахмети, а кој што е обврзувачки и за Груевски и за Али Ахмети, значи обврзувачки и за парламентарното мнозинство, а кој што треба да се спроведе. И што е уште поважно, постои документ во кој што има рокови до кога тој “Записник”, кој што го поздрави меѓународната заедница, треба да се спроведе или треба да почне да се реализира.

И токму заради тоа, денеска повторно разговараме за деловникот како еден од врвните приоритети на Република Македонија. И токму за тоа, се доведуваме во ситуација наместо да се фокусираме на вистинските врвни приоритети за Република Македонија, ние се фокусираме на измислени врвни приоритети на ВМРО-ДПМНЕ и Никола Груевски, заради тоа што произлегуваат од неговата неспособност да ги менаџира меѓуетничките односи, неспособност да ги менаџира односите со опозицијата, неспособност и немање капацитет да се справи со реалната политичка ситуација во Република Македонија и неспосбност да ги детектира вистинските приоритети во Република Македонија. Она што можевме да го видиме 10 месеци наназад, е дека единствениот врвен приоритет на Никола Груевски е неговиот рејтинг и тоа неговиот личен рејтинг. И, се што се прави во претходните 10 месеци не се прави за да се подобри економската состојба на граѓаните, туку да се поправи личниот рејтинг на Никола Груевски, особено во периодот кога меѓународните организации или

релевантните институции вршат истражување на рејтингот особено тогаш се превземаат одредени активности чисто од популистички карактер, меѓутоа, тоа е врвниот приоритет на Никола Груевски, неговиот личен рејтинг. Тоа што 10 месеци немаме избрано, докомплетирано Републички судски совет, не е приоритет за господинот Груевски. Тоа што ветувањата кои што се дадени на стечајците дека ќе им се реши нивното прашање во овој мандат не е приоритет за господинот Груевски. Меѓутоа, за господинот Груевски е приоритет Законот за државни празници и промовирањето на 23 Октомври за државен празник, партискиот ден на ВМРО-ДПМНЕ, за господинот Груевски е приоритет деидологизација на Република Македонија односно идеологизација по теркот на ВМРО-ДПМНЕ, приоритет е градењето и обезбедувањето на средства за Музеј за жртвите од комунизмот и правењето восочни фигури кон примерот на "Мадам Тисо" за сметка на зголемување на буџетот во високото образование. Приоритет е се разбира и обвинителство, посебно обвинителство за организиран криминал заради тоа што - еве сакам да ја искористам приликата да соопштам, заради приоритетот на Груевски да ги става своите роднини и пријатели на врвни позиции покрај позициите на неговите братучеди во МВР и во Царина, докомплетирање и затварање на кругот ќе биде некој негов роднина и братучед на чело на Обвинителството за организиран криминал и да ја докомплетираме, да ја затвориме приказната за борба против криминалот, организираниот криминал во оваа држава. Тогаш тоа ќе биде конечната и последната фаза од реализирање на проектот, "Борба против организиран криминал" меѓутоа само за оние кои што не се членови, симпатизери на ВМРО-ДПМНЕ или кои не се блиски до Груевски.

Во оваа фаза е навистина интересно да се слушне кои се аргументациите за донесување на нов деловник заради тоа што се сосема различни од оние на почетокот. Имено ние бевме сведоци на една седница на пратенички прашања кога господинот Груевски вели дека ниту сме потпишале ниту ќе потпишеме некаков документ, дека единствена работа што е усно усогласена е поврзана со тоа да се усогласи листа на закони на 46 кои што ќе станат дел од новиот деловник на Собранието.

Прво, да кажам  дека ние сме единствен Парламент во светот кој што од  Владата дозна дека треба да го менува деловникот, единствениот, се разбира заради "нормалната поставеност на институциите во државата".

Второ, она што е контрадикторно во целата оваа атмосфера во која што ја продолжуваме расправата по деловникот, е различните коментари од страна на господинот Груевски и од страна на парламентарното мнозинство за тоа што треба ВМРО-ДПМНЕ да спроведе од договорот меѓу Груевски и Али Ахмети. Имаме едно однесување на господинот Груевски кога разговарал со ДУИ и со претставниците на Меѓународната заедница, а тоа е дека постои договор кој што мора да го спроведат, а имаме сосема друго однесување на господинот Груевски кога разговара со ДПА, нивниот коалиционен партнер во Владата, на кои што господинот Груевски нема храброст да им соопшти дека седнал со Али Ахмети и се договорил, и покрај тоа што претходно велеше дека ниту ќе се поздрави со Али Ахмети, и покрај тоа што велеше дека нема Али Ахмети и ДУИ да го внесе во Владата, седна да разговара со нив за влез во Владата. По реакцијата на членството на ВМРО-ДПМНЕ и на ДПА се откажа и престана со договорите со ДУИ, па се префрли на неговиот коалиционен партнер ДПА, направи Влада, создаде атмосфера во која што не постојат нормални услови за дијалог меѓу сите партии во Парламентот и е прилично контрадикторен и конфузен кога станува збор за прашањата кои ги задираат односите меѓу заедниците во Република Македонија. Сите бевме сведоци, кога се донесуваше Законот за полиција, ние бевме убедувани дека нема да има никакви амандмани. Никакви амандмани кои ќе одат во насока на прифаќање на одредени барања на ДУИ. Меѓутоа, откако излезе во јавноста дека такви амандмани сепак ќе има, господинот Груевски испаничено дотрча на вести на една од националните телевизии за да на прилично конфузен и контрадикторен начин не убедува дека нема да има  никакви амандмани, нема Бадентер, ама и ако треба Бадентер, тоа нема да претставува проблем, а како ќе го обезбедат, ќе биде изненадување.

Замислете, во оваа држава не постојат правила за Груевски, постојат изненадувања, постојат само исполнувања на желби на Груевски во зависност од ситуацијата во која што се наоѓа. Не постои конзистентна политика, не постои конзистентна политика визави ДУИ, не постои конзистентна политика дури ни визави ДПА, нивниот стратешки коалиционен партнер. Не постои конзистентна политика, што е најтрагично, визави државните интереси на Република Македонија, затоа што ако сите ви велат дека треба да направите и обезбедите кохабитација со претседателот на државата во име на националните интереси на Република Македонија, а вие правите се да не го направите тоа, тоа - дозволете да констатирам - не го прави ни мало дете кога ќе му речете да направи нешто, заради тоа што е од негов интерес.

Меѓутоа, да се навратам на Законот за полиција, амандманите дојдоа со прифатени решенија кои ДУИ ги предлагаше и тоа беа едни од првите чекори кога ДПА беше изневерена од нивниот стратешки коалиционен партнер ВМРО-ДПМНЕ. Меѓутоа, Груевски не чувствуваше грижа на совеста тогаш, ниту пак чувствуваше потреба да дискутира за Законот за полиција со останатите политички партии заради тоа што тоа е еден од законите кој што се носи со Бадинтер и заради кој

што, заради природата на нештата, требаше да се донесе со консензус во ова Собрание.

Значи од ситуација во која Груевски ја убедуваше македонската јавност, ги убедуваше своите членови дека не доаѓа предвид да седне со Али Ахмети да разговара, дека ќе им обезбеди техничка помош на ДУИ кога излегоа од Собранието, заради тоа што ВМРО-ДПМНЕ има такво искуство, дојдовме во ситуација во која што деветмесечната криза во политичкиот дијалог во оваа држава, продуцирана од никој друг, туку од премиерот на Република Македонија, заврши сосема спротивно од она за што премиерот не убедуваше: ги молеше ДУИ да седнат да разговараат, го молеше истиот тој Али Ахмети да се врати во Собранието, за да потоа се договараат и за деловник и за други прашања и на крај склучи договор со истиот тој Али Ахмети за кој што ја убедуваше македонската јавност дека до 5 јули, заедно со припадниците на неговата партија, е терорист и дека не треба и не е достоен да разговараат со него заради нивниот коалиционен партнер.

Да биде работата најинтересна, после договорот со ДУИ и реакцијата на ДПА како коалиционен партнер во власта, излезе едно многу интересно соопштение дека ДПА треба да бидат благодарни на ВМРО-ДПМНЕ затоа што се дел од власта, заради тоа што имаат помал број на пратеници, после што следеше нова политичка криза затоа што ДПА најави дека ќе излезе од коалицијата и после тоа наеднаш ја имаме реакцијата на господинот Груевски дека договор меѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ, меѓу Али Ахмети и Никола Груевски не постои само за да ги задоволи барањата и да ја задржи ДПА во власта. Тоа не е однесување на сериозен премиер во оваа држава.

Ваквиот однос на господинот Груевски и неговата неспособност за менаџирање на прашањата во Република Македонија не доведе во ситуација на деветмесечна политичка криза, не доведе во ситуација за помалку од една година, речиси за 9 месеци и помалку од 9 месеци да слушнеме коментари од нашите колеги од Евро Парламентот дека доколку постои институција “одземање на кандидатски статус” заради ваквото несериозно однесување, тогаш кандидатскиот статус со задоволство ќе ни го одземеа. И тоа почитувани колеги, ваквата констатација не е заради немање капацитет на Собранието, не е заради неефикасната работа на Собранието, туку заради немањето капацитет на Груевски да оствари, да ги менаџира меѓуетничките односи, да оствари нормална комуникација со опозицијата, да обезбеди кохабитација со претседателот за националните интереси на Република Македонија и докази за ваквото однесување на Груевски можете да најдете секојдневно. Немам да одземам време да ги повторувам.

Сега се доведуваме во ситуација на сред расправа за деловник пратеничката група на ДУИ, нормално, да бара спроведување на она што со рокови е договорено меѓу Груевски и Али Ахмети. Вчерашното продолжување на расправата по деловникот е само заради тоа, и само заради тоа во овој момент стана приоритет расправата за деловникот во Собранието на Република Македонија.

Да се навратам на конкретниот рекст.

Ќе повторам уште еднаш дека ние сме единствениот Парламент кој од прес конференција на Владата дозна дека треба да го измениме деловникот заради поголема ефикасност, единствен Парламент во светот на кој што му беше даден рок од страна на Владата до кога треба Собранието да го донесе тој нов деловник, Владата која што ова Собрание ја избира, Владата која што треба да биде одговорна пред ова Собрание.

Владата на која што ние треба да и даваме рокови и да ја критикуваме за нејзината неефикасност, заради тоа што од нејзиното 24 часовно работење не можеме да видиме ништо, освен ако не сметате дека измислениот економски раст на бруто домашниот производ од 7% резултира со отворање на народни кујни, заради тоа што нависитна осетија голема промена од порастот на бруто домашниот производ. Единствено што осетивме од нивната “24 часовна работа” е нивната преокупираност со перцепцијата за себе, преокупираност со перцепцијата на министрите за самите себе во јавноста и како јавноста ги перцепцира, отколку на реална посветеност на решавање на состојбите во оваа држава. Меѓутоа, тоа не го спречи господинот Имер Селмани на прес конференција на Владата да излезе и да објави дека се договорени за нов Деловник и што тој Деловник би требало да содржи. Трагедијата да биде уште поголема, Владата се дрзна да достави мислење до Собранието на РМ за Деловник за работата на Собранието кој што е интерен акт за работа на Собранието. И уште се вели дека Владата го поддржува донесувањето на нов Деловник заради тоа што се предлагаат нови решенија кои ќе доведат до ефикасно и рационално работење на Собранието и на неговите работни тела. И најзначајни новинии се зголемување на улогата на работните тела, рационализирање на текот на седниците и утврдување на рокови за определени дејства кои што ќе овозможат ефикасност во работата на Собранието и работните тела. Што е најтрагично ова се оправдува со прилагодување,односно со забрзување на законите за постапката за приближување кон законодавството на Европската унија. И бидејќи ова е пишувано на 29 јануари 2007 година, јас сакам да ве прашам дали некогаш во оваа собраниска сала на пленарна седница имаше проблем кога се донесуваа законите кои што значеа усогласување со европското законодавство. Дали имаше долготрајни дискусии, или напротив конструктивни дискусии, дали сите закони кои што ги донесовте до сега, ги донесовте со 99,9%, да се изразам така благодарение на пратеничката група на СДСМ заради тоа што не можете да обезбедите кворум. И дали не е тоа зрело однесување од

страна на опозицијата која што вие цело време ја обвинувате дека го блокира работењето на Собранието. Значи, изговорот дека Собранието треба да донесе нови мерки и механизми за кои што ќе работи поефикасно, а кои што се разбира се во функција на намалување и ограничување на дискусиите на пратениците, воопшто не држат. Затоа што претходните 9 месеци покажаа дека пратениците се сериозни и знаат што значи за разлика од Груевски, државен интерес, знаат што значи усогласување на законодавството со законодавството на Европската унија и покрај тоа што многу често Владата го злоупотребува знакчето на Европската унија на законите само заради тоа што смета дека само на таков начин можат да наидат на подршка од опозицијата. Се лажат. Еве јас им кажувам дека не мора друг пат да се оптоваруваат да ставаат знакче на Европската унија за да имаат подршка од опозицијата, заради тоа што опозицијата подржува закони кои што се од интерес на Република Македонија без разлика на тоа дали се усогласување со европското законодавство, или не. Ја се надевам дека за овие 9, 10 месеци станавте свесни за тоа. Доколку не, тогаш имате сериозен проблем.

Она што мене најмногу ме разочара, не ме разочара ни сериозното однесување на господинот Зоран Ставревски заради тоа што господинот Зоран Ставревски нема никакво политичко искуство. Најголемото политичко искуство му е неговата блиска релација со господинот Груевски. Меѓутоа, ме разочарува тоа што господинот Зоран Ставревски како вице премиер поднесува мислење за внатрешен акт на Собранието на Република Македонија, а ние немаме реакција од страна на претседателот на Собранието. Или тоа е една од улогите на господинот Зоран Ставревски покрај демократизацијата на ВМРО-ДПМНЕ да го демократизира и Парламентот ама во сосема обратна насока, да ја загуши демократизацијата во Парламентот. Заради тоа што со ваквото мислење на Владата за интерен акт на Собранието практички Владата директно со документ се стави над Собранието, нешто што во институционалната подреденост на државата е сосема обратно. Меѓутоа, за жал, имајки ја во предвид сервилноста на претседателот на Собранието кој што за да биде достапен на премиерот 24 часа се јавува на мобилен телефон додека ги води седниците, претпоставувам заради тоа што Груевски му диктира што да каже и кој пратеник да прекине, на кој пратеник да му ја исклучи говорницата и да не му овозможи да зборува, нешто што не се случило до сега.

Факт е дека најголемиот проблем во функционирањето во овој собраниски дом е тоа што ние не можеме да ги почнеме седниците на време и тоа само заради тоа што отсуствуваат пратеници од парламентерното мнозинство. Ние немаме доволно пратеници точно во 11,00 часот како што е согласно Деловникот да ја започнеме седницата заради тоа што пратениците од парламентарното мнозинство ги нема. Не знам од кои причини? И тоа нема да може да го уредите ниту со Деловник, идеален Деловник да направите, вие не можете да им влијаете на совеста на пратениците кои што треба да бидат тука во име на граѓаните. И факт е пратениците имаат и други обврски надвор, меѓутоа не можете да ме убедите дека од толкаво парламентарно мнозинство кое што го имате, вие не можете да најдете 61 пратеник кој што ќе биде присутен, или не 61, со оглед на тоа што ние обезбедуваме кворум цело време, да најдете барем доволно да го дополните бројот до 61 за да почне седницата на време. Има само едвај десетина пратеници запишани во 11,00 часот. И заради тоа премиерот Никола Груевски побарал од пратениците од владеачката коалиција да не си дозволат да бидат причина за прекин на работата на Собранието објавено на 26 јануари 2007 година. Значи, господинот Груевски точно ја лоцирал причината за прекинување на работата на седниците на Собранието и има право да бара поголема одговорност како претседател на партија од пратениците од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Понатаму се вели дека тој на средбата на 25 јануари 2007 година со пратениците што го поддржуваат неговиот кабинет побарал да бидат задолжително присутни на седниците за да не се кочат владините проекции што се услов за економски развој. Значи, одредбите во Деловникот воопшто не се проблем за ефикасна работа на Собранието, ниту пак опозицијата. И тоа го потврдува господинот Груевски во неговата изјава. На страна фактот што реформите и проекциите кои што се услов за економски развој ние до тогаш ги немавме видено воопшто, туку почнаа да стигнуваат доцна. Овој Деловник и покрај декларативната заложба на пратениците од парламентарното мнозинство воопшто не беше наменет и не беше предложен во моментот со добронамерна цел. Тоа го зборува и изјавата на госпоѓата Бонева која што вели дека разбирливо и сосема нормално е партијата која доаѓа на власт да воспостави правила на работење во Парламентот за да може поефикасно да ги спроведува реформите и зацртаната програма. И јас сега се прашувам, дали ќе беше ова нормално ако ние го предложевме во претходниот мандат кога ВМРО-ДПМНЕ беше во опозиција.Немаше да биде нормално госпоѓо Бонева, заради тоа што ние еднаш кога ги скративме дискусиите на 10 минути за Буџетот на Република Македонија и тоа само за да се донесе на време до 31 декември што јас сметам дека не беше многу добар потег од наша страна. Вие бевте тие од оваа страна опозиционери кои што лупавте со железни шипки по столчињата, кои што излегувавте со транспаренти, кои што му ја одземавте картицата на Љупчо Јордановски и тоа точно господинот Груевски излезе и му ја одзема картицата на претседателот на Собранието кои што излеговте со беџови “пратеник сум, имам право да зборувам”, “не можете да не замолчите” и т.н.. Значи, не беше нормално тоа за вас. И тоа само

за една седница која што веќе никогаш не се повтори. А сега наеднаш кога сте на власт за вас е нормално партијата која доаѓа на власт да воспоставува правила за работење на Парламентот. За мене тоа не е нормално, затоа што ние вака ќе се соочиме со ситуација секоја партија која што ќе дојде на власт да воспоставува правила за работење на Парламентот. Па ако некој освои доволен број на гласови, а е комплетно не здрел и ако се сети дека би било добро можеби да ги ограничи дискусиите особено на пратениците од опозицијата на две минути, или на една минута, или ако може со закон дури и да ги укине пратениците од опозицијата за да нема дебата во Собранието за да може поефикасно владеачкотомнозинство да ги спроведува реформите кои што се зацртани, тоа ќе биде ли нормално за Република Македонија. Нема да биде нормално. Ова не е знак за демократски капацитет на Република Македонија, не е знак дека вие како парламентарно мнозинство имате однос спрема опозицијата, нешто што е нормално во секоја држава со парламентарна демократија. Значи, со прашањето за консензус расчистивме уште тогаш со изјавата на госпоѓата Бонева и за тоа е јасно зошто беше предложен Деловникот само со 14 пратеници, само 14 пратеници од различни политички партии и најголем дел од власта го предложија Деловникот и затоа е господинот Трајко Вељановски предлагач, госпоѓата Ристана Лалчевска овластен претставник на предлгачот, за да ја спроведете желбата на Груевски за апсолутна контрола врз сите институции во државата. Заради тоа што Парламентот е единственото место на кое што Груевски не може да обезбеди апсолутна контрола и претседателот на државата. И заради тоа има такви нервозни реакции од страна на господинот Груевски, не само нервозни, туку и комплетно незрели за еден премиер на држава. За тоа трпи и критики од страна на Меѓународната заедница. Меѓутоа, со потезите кои што ги влече во овие 10 месеци е јасно дека Груевски спроведува комплетно тоталитарна диктатура во Република Македонија. И за тоа можеме да дебатираме колку сакате. Ваквото однесување на Владата ви за ви Собранието на Република Македонија е нешто што сметам дека не смее да се дозволи да се случува понатаму. Јас апелирам на вас претседателе да бидете претседател на Собранието на Република Македонија и ваквиот однос на Владата и на премиерот и покрај тоа што вас може многу тешко да ви паѓа да го ..., заради тоа што ваквото однесување не е во корист на Република Македонија. Ние треба да се избориме и за тоа зборуваме меѓу другото и за судски реформи, за независно функционирање на посебните институции и системот. Само тогаш можеме да кажеме дека сме направиле голем чекор напред. Ако од една страна велите дека како парламентарно мнозинство е клучно да се спроведат судските реформи, дека е важно од стратешки интерес за Република Македонија да се избере Судскиот совет. Иако наспроти таквите декалративни забелешки не можете да обезбедите парламентарно мнозинство да ги изгласате и уште повеќе не ги гласате предлозите на Претседателот на државата само заради тоа што, ќе цитирам: двата предлога биле од припадниците на заедниците. Тоа дава друг сигнал, тоа дава сигнал дека господинот Груевски е оптеретен со предлозите,меѓутоа не како личности, туку оптеретен е со тоа на која етничка заедница и припаѓаат. Чист расизам. Меѓутоа, се надевам дека после таквите изјави некој ќе му укаже на господинот Груевски дека треба во РСС да има квалитетни кадри без разлика на тоа на која етничка заедница и припаѓаат. И да не биде припадноста на етничката заедница единствениот проблем за прифаќање на предлозите од страна на Претседателот на државата, или пак за останатите предлози во РСС. Значи, имајќи ги во предвид коментарите на предлагачот кој што сега наеднаш за нијанса се сменија и се насочени кон друго, јас не очекувам дека ќе бидат прифатени одредени забелешки, ниту пак очекувам дека ќе добиеме добар Деловник заради тоа што предлагачите ќе бидат насочени единствено кон реализација на она што е договорено помеѓу Груевски и Али Ахмети.

Сега да почнам со конкретните забелешки по Деловникот. Прво, да кажам на почеток дека сметам дека треба да има посебна глава за односот на Собранието на Република Македонија со Уставниот суд, заради тоа што сметам дека не може собранискиот дом кој ги носи законите да нема регулирано ваква релација визави Законот за Влада каде што има таков дел и покрај тоа што Владата е обврзана да ги извршува законите кои што ги носи Собранието.

Она што е интересно во мислењата и толкувањата по Предлог деловникот, а што недостига дури ни во мислењето на Владата потпишано од господинот Зоран Ставревски е препораката во членот 3 во која што се вели дека,пратеник кој што зборува јазик различен од македонскиот јазик, а кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Македонија може на седницата на Собранието и на седницата на работното тело да зборува на тој јазик, како и да раководи со седницата на работното тело. Нешто што досега не беше случај. Ние се доведовме до ситуација оваа новина во Предлог деловникот да ја дознаеме од господинот Имер Селмани кој што од прес конференција на Владата не информираше дека во Владата има расположение за издигнување на албанскиот јазик за втор службен јазик во Македонија, а неговата официјална употреба на државно ниво би била промовирана во Парламентот преку претставување, претседавање со пленарните собраниски седници. За спроведување на ваквата намера нема да се чека донесувањето на Законот за јазиците, туку проектот кој 15 години го туркаат сите партии на албанците независно дали се во опозиција,или на власт, ќе бидат реализирани преку корекции на собранискиот Деловник. И ушт еима оценка од Имер Селмани дека има

позитивна клима да се смени Деловникот и албанскиот јазик да се употребува на сите нивоа во Собранието, односно да го користат потпретседателите на Парламентот, како и претседателите на комисиите. Владата и коалиционите партнери имаат позитивен пристап кон ова прашање. Конкретната реализација на употребата на јазиците ќе започне со измените во Деловникот при што ќе се воведе употребата на јазиците за раководење со собраниските комисии, а ќе важи и за потпретседателот на Собранието, при што ќе се воведе употребата на јазиците за раководење со собраниските комисии, а ќе важи и за потпретседателот на Собранието.

Сметаме, а уште господинот Селмани смета дека ова прашање што побрзо да се стави на дневен ред и не информира од прес-конференција на Владата дека внатрешниот акт на Деловникот, бил разгледуван од страна на Владата и дека Владата констатирала дека тоа треба да се направи. Вистински преседан.

Сега, сакам да ги повикам и госпоѓата Лилјана Поповска, која најчесто не е присутна на собраниските седници и господинот Тито Петковски и господинот Павле Трајанов, и двајцата не ги гледам во собраниската сала. Се надевам дека ова не значи дека не се дел од парламентарното мнозинство кое што треба да го спроведе договорот меѓу Груевски и Ахмети и дека се уште ја подржуваат владината коалиција, да излезат и да кажат, дали е за нив прифатливо вакво решение, затоа што истите тие во претходниот мандат, како дел од владеачка коалиција, се разбира, кога беа прашањата за територијалната организација, излегоа јавно, кажаа дека не се согласуваат заради тоа што со Законот за територијална организација, практично е крај за Република Македонија, дека со тие закони практично се врши поделба на Република Македонија од страна на пратеници на владеачка коалиција вршеа лобирање за референдум, а го потпишаа рефререндумот, само што госпоѓата Лилјана Поповска откако се потпиша за реферндумот си отиде на летен одмор, оставајќи ги граѓаните да се оптоваруваат со тоа прашање. И покрај тоа што укажувањата на сите претставници на меѓународната заедница беа дека организирањето на таков референдум ќе значи назад за Република Македонија. Тоа госпоѓата Лилјана Поповска, господинот Тито Петковски, господинот Павле Трајанов, ВМРО-ДПМНЕ,не го послушаа, за нив тоа не беше релевантно и организираа референдум за територијалната организација, кој што за среќа беше неуспешен, а како што можеме да видиме сега, ниту законите за територијална организација, значат поделба на државата, она што го промовираше ВМРО-ДПМНЕ, ниту пак се чувствуваат одредени сериозни последици од ваквото однесување, заради тоа што морам да кажам, најголемиот удара што беше почуствуван во единиците на локалната самоуправа, беше обидот од страна на Владата да го врати процесот на децентрализација назад и наместо да оди во насока на реализација, да се обиде да ги смени сите директори, особено директори на училишта, директори на јавни претпријатија оние кои што имаат ингеренции и пропишано со посебна процедура во законите, меѓутоа, тоа не е важно, важно е дека господинот Груевски така сака.

Значи, јас се прашувам, што се изменило во изминатите неколку месеци, особено за ВМРО-ДПМНЕ, за ЛП, за Лиле Поповска, за Тито Петковски, за Павле Трајанов, за Љубисав Иванов-Ѕинго, што се изменило овие неколку месеци, освен тоа дека се сега на власт. Дали ние треба да имаме политика на меѓуетнички односи една додека сме во опозиција и тогаш да ги поткреваме, да ги поттикнуваме негативните релации меѓу етничките заедници, наместо да се соочиме со реалните прашања кои што треба да ги решаваме, кога станува збор за меѓуетничките заедници. А сосема друга политика после 5 јули, откако ќе дојдеме на власт и кога заради различни причини, а најмногу заради незрело однесување на премиерот на господинот Груевски, ќе направиме се спротивно од она што сме го зборувале претходно.

Има ли ВМРО-ДПМНЕ и господинот Груевски коегзистентна политика по ова прашање? Може ли да објасни господинот Груевски и ВМРО-ДПМНЕ и сите што ги повикав сега како до пред 5 јули беше нормално да ги напуштаат седниците на работните тела, кога претседателите на комисиите се обидуваа да зборуваат на албански јазик. Тоа беа пратениците од ДПА и тогаш за пратениците од ВМРО-ДПМНЕ не беше прифатливо таквото однесување заради тоа што Уставот не го дозволува. И како е сега нормално и за госпоѓата Бонева и за госпоѓата Лалчевска да се претседава на комисиите на јазик кои што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Македонија кога Уставот не е сменет. Тој е истиот устав што го имавме пред 5 јули. Иста ли е таа ВМРО-ДПМНЕ која што 2002 година на чело со Груевски излегуваше од салата, од пленарна сала, кога ќе слушнеше дека некој пратеник зборува на својот јазик, и покрај тоа што е тоа уставно загарантирано. Меѓу другото и заради потписот на ВМРО-ДПМНЕ на Охридскиот рамковен договор, меѓудругото и заради гласовите на ВМРО-ДПМНЕ, кој што беше донесен Уставот на Република Македонија и прилагоден на Охридскиот рамковен договор. Кога глумеа ВМРО-ДПМНЕ? Исто ли е тоа ВМРО-ДПМНЕ кое што организираше демонстрации на Педагошкиот факултет со шатори пред Собранието. Истото ли е ВМРО-ДПМНЕ кога правеше скандали за основање на Тетовскиот универзитет? Што се измени? Ништо, ништо. Не е сменет Уставот, не е сменето ништо друго, освен тоа што ВМРО-ДПМНЕ се сега на власт. Ниту господинот Ставрески имаше коментар во мислењето по ова прашање, ако веќе се дрзна да даде мислење, ниту пак предлагачите во своето уводно излагање на господинот Вељановски, кој успешно одбегнуваше да каже дека ваква новина

е ставена во Деловникот и да објасни кои се условите, врз основа на кои показатели, врз основа на што се смени после 5 јули, за да биде внесена ваква новина во работата на собранискиот Деловник.

Јас се прашувам: дали е потребно вакво, би го нарекла, кукавичко однесување од страна на Груевски и ВМРО-ДПМНЕ, кога станува збор за прашања кои што Груевски ги договорил. Без разлика, дали со Али Ахмети, или со ДПА. Толку ли е страшно Груевски кој што реално го покажува ветувањето што им го даде и на граѓаните на Република Македонија и на своите членови дека нема да се фокусира на меѓуетничките прашања, ќе се фокусира само на економската состојба. Меѓутоа, колку што можеме да видиме, ниту едното, ниту другото не им оди од рака. Толку ли е страшно, да излезе да каже, да се договоривме. Тоа е државничко однесување. Толку ли е страшно и господинот Трајко Вељановски и госпоѓата Лалчевска и ВМРО-ДПМНЕ да излезат и да кажат, да, ние го сменивме ставот, сега сметаме бидејќи сме на власт дека треба да се претседава на комисиите на јазик кој што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Македонија. И да објаснат зошто го смениле ставот. Кои се реалните причини. Уставот сигуно не е, заради тоа што истиот Устав од пред 5 јули е и сега. Обидот да се маргинализираат техничките прашања и стандардите кои што до 5 јули се воведоа, благодарение на Уставот, за однос и ралации меѓу заедниците во Република Македонија, да се дефокусира и да се маргинализираат, го земавме примерот со Комистетот за односи меѓу заедниците.

Во членот 17 од предложениот нов Деловник се вели дека по вреификацијата на мандатот, пратеникот писмено се изјаснува за тоа на која заедница припаѓа. Нешто што направи проблем во функционирањето на Комитетот за односи меѓу заедниците. И ние повторно, наместо да бидеме поучни од проблемот кој се предизвика со Комитетот за односи меѓу заедниците, а кој што е дел од договорот помеѓу Груевски и Али Ахмети, наместо да најдеме механизам како тоа да го спречиме, ние повторно го ставаме истиот и повторно оставаме простор, ВМРО-ДПМНЕ да си игра со Комитетот за односи меѓу заедниците, во зависност од тоа дали е партија на власт, или во опозиција.

Во членот 20, сметам дека треба да биде ограничен бројот на потпретседателите во Собранието. Не може бројот на потпретседатели во Собранието да се утврдува по предлог на претседателот на Собранието. Замислете, да имеме претседател на Собрание кој што смета дека треба да има 10 потпретседатели. И си обезбеди парламентарното мнозинство за тоа. На што ќе личи тоа. 10 потпретседатели, 10 канцаларии, 10 административци итн. Бројот на потпретседатели на Собранието мора да се ограничи. Не може да се остави на сопствена проценка на претседателот на Собранието.

Она за што најостро реагира е ограничувањето на дискусиите.

Јас кажав дека изминативе 10 месеци се покажа дека Парламентот ефикасно работи и се разбира тогаш кога парламентарното мнозинство е присутно и благодарение на нив има кворум, за тоа што опозицијата не е доволна да обезбеди кворум. Да обезбеди 61 пратеник, инаку, не би била во опозиција и за тоа сметам дека таквото ограничување треба да се исфрли, заради тоа што пратениците покажаа и зрелост и достојност за функцијата што ја извршуваат.

Во членот 61 треба да се избрише алинеата во која што се вели дека претседателот на Собранието и потпретседателите се грижат за обезбедување на финансиски средства за работа на Собранието. Што е претседателот на Собранието и потпретседателите, менаџери? Или по примерот на политиката на Владата ќе ставаме двајца. Едниот економист, менаџер, кој ќе обезбедува финансии, а претседателот и потпретседателите ќе бидат за политички функции. Потпретседателот е институција. Претседателот на Собранието е институција, втор човек во државата. Меѓутоа, за жал, некој тоа во Владата не го сфаќа. Груевски смета дека, како што дава налог на амбасадорите да посетуваат 10 фирми месечно и да даваат рапорт за тоа, тоа треба да го прави претседателот на Собранието. Не може, претседателот на Собранието да се сведе на менаџер. Месечно да оди по фирми и да бара финансиски средства за Собранието. Ние го гласаме Буџетот тука. Ние обезбедуваме средства за работа на Владата. Ние ја гласаме Владата. И парламентарното мнозинство треба да собере храброст, без разлика кое е, да го скрои Буџетот, онака како што смета дека Парламентот најдобро ќе функционира. Не може ние да бидеме до ситуација да немаме канцаларии за нормална работа, а да биде нормално за секој министер, кој што Груевски ќе посака да го има, за сега 23, меѓутоа, не значи дека тоа е лимит, заради тоа што во зависност од потребите ако се зголемуваат тие да бидат комплетно опремени, да имаат цела служба, а ние да бидеме хендикепирани, да не можеме професионално да си ја извршуваме обврската. Не може Парламентот да биде доведен во ситуација да нема софтвер кој што нормално ќе функционира. Не може пратениците да бидат доведени во ситуација да се срамат кога ќе одат на меѓународни конференции и да го даваат својот приватен имеил, заради тоа што не можат службениот да го дадат. Настрана прашањето што сите пратеници немаат службен имеил, туку само претседатели на комисиите и координатори, заради тоа што има проблеми со парламентарниот софтвер, затоа што ова парламентарно мнозинство, кое што ветуваше дека ќе го гласа амандманот за обезбедување на техничка опрема, за нормално функционирање на Парламентот, не го направи тоа, не го одржа зборот.

Затоа, сметам дека оваа алинеа треба да се брише. Сметам дека генералниот секретар треба да поднесува извештај за својата работа во Собранието, заради тоа што, како и сите оние кои што ги бираме и тој треба да одговара пред Собранието кога дискутираме за неговата активност.

Сметам дека, со оглед на тоа што во образложението сте напишале тука дека ова е Предлог-деловник, кој што е правен по пример на словенечкиот дека во тој случај не треба да постои Законодавно-правна комисија. Во словенечкиот Парламент, за тие што се информирани, Законодавно-правна комисија не постои. Постои Секретаријат за законодавство, исто како што сега постои во Владата, заради тоа што она што ние го добиваме, како пратеници од Законодавно-правна комисија се само технички амандмани. Зборот "на" зе заменува со зборот "во". После зборот тој и тој се додава зборот тој и тој. Само одат по функција на номотехничко подобрување и прецизирање на законот, меѓутоа, не и на суштинско. Мислам дека тоа треба сериозно да го земете предвид, особено, имајќи го фактот дека Законодавно-правна комисија треба односно Секретаријатот за законодавство треба непристрасно да одлучува и да проценува дали некој закон е во согласност со Уатавот, каква е неговата усогласеност со останатите закони, кои што имаат релација со тој закон и тоа е чисто техничка работа, чисто стручна работа. Тука пратениците, мислам дека не би требало да имаат никакава улога. Треба да има Секретаријат за законодавство, кој што ќе работи за сите пратеници подеднакво. Ќе поднесува независни мислења, ќе им помага на пратениците да подготвуваат амандмани, ќе имаме една многу чудна ситуација.

Кога станува збор за зголемување на улогата на работните тела и на комисиите, морам да кажам дека начелно се согласувам и сметам дека работите тела ќе треба да имаат поголема улога. Меѓутоа, треба да бидеме реални дали Собранието има услови за такво нешто. Македонската јавност не знае дека има комисии кои што имаат еден советник, порано го нарекувавме секретар на Комисијата. Јас ќе го користам сега тој термин за да биде полесно. Меѓутоа, на пример, секретарот на Комисијата за образование, наука и спорт е истовремено и секретар на Комисијата за еднакви можности. И плус е член на Комисијата за јавни набавки. Законодавно-правна комисија ќе има два секретара, само за една комисија.

Значи, додека едни комисии имаат по двајца советници, друга комисија има еден советник, кој покрива две комисии. За да имаме вистинска улога на работните тела треба да имаме односно треба да бидеме подготвени да го зголемиме Буџетот на Парламентот, да вработиме луѓе, да обезбедиме потполна екипа позади комисиите, која што ќе работи професионално, непристрасно, која ќе им помага на пратениците и која што ќе придонесува кон подобрување на законите, за покренување на одредени прашања, значи треба да имаме комплетна служба позади комисиите. Во спротивно, ние можеме да направиме идеален Деловник во кој што моќта на работните тела ќе биде огромна, меѓутоа нема да имаме реални можности да го спроведеме тоа. Меѓутоа јас се сомневам дека сите овие заблешки кои што ги кажав ќе бидат дел од вниманието на предлагачите, заради тоа што се ставени во позиција да релаизираат договор постигнат помеѓу Груевски и Али Ахмети и јас се сомневам дека воопшто предалгачите ќе бидат дел од тие решенија, заради тоа што веќе им се наметнати и само се доведени во ситуација ВМРО-ДПМНЕ, ЛП, ДПА, Социјалистичка партија, Лилјана Поповска, Тито Петковски и останатите да го спроведаат она што Груевски го договорил со Али Ахмети. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За реплики, ве молам сите кои сакаат да се пријават за реплики, нека се пријават сега.

Господин Рамадани, предлагачот Лалчевска на почеток, Силвана Бонева, Цветко Грозданов, Дураки Садула, Тахир Хани, Флора Кадриу.

Дали има уште? (Нема)

Значи, ќе одиме по тој ред за репликите.

Прво, господине Рамадани, збор има госпоѓа Лалчевска, бидејќи вие барате збор, повелете како предлагач имате збор.

**Ристанка Лалчевска:** Прво, имам процедурална забелешка до вас.

Јас ве молам, кога пратениците се обраќаат од говорницата, вие сте должни да ги опомените доколку се оддалечуваат од темата на дневниот ред. Вие тоа не го сторивте, иако имавме една дискусија од час и 11 минути, барем некаде според моето време. Се извинувам ако грешам за минута или две. Во кои час и 11 минути, можеби три минути беа посветени на деловникот, сосема доволно да се искажат забелешките со несогласувањето за одредени предложени решенија. Што значи 10 или 15 минути би биле и време од повеќе за по одреден проект за искажат своите забелешки, доколку договорницата не се користи за се, само не за точката на дневниот ред.

Ве молам, да водите грижа, обврзани сте со Деловникот за тоа.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

**Ристанка Лалчевска:** Би сакала да прокоментирам некои работи, меѓутоа немам многу што да коментирам, затоа што час и повеќе беше посветен на анализа на се и сешто, само на Предлогот што го разгледуваме, односно Предлогот за потребата за донесување нов деловник, дали има или нема потреба од нов деловник. Тоа сакав да го слушнав како еден од предлагачите.

За жал, слушнав само неколку реченици, успатно кажани и неколку забелешки, за што искрено и благодарам на колешката што ги изнесе. Секако, предлагачите ќе ги имаат во предвид при

изготвувањето на текстот во втората фаза. Се вклопуваат во забелешките штро беа дадени од повеќето политички субјекти, низ оној процес кога се подготвуваше Предогот, бидејќи сите политички партии разговаравме во работни групи за решенијата. Предлози се даваа во писмена форма, дел од тие предлози се земаа во предвид, а ќе се земат и оние што ќе бидат дадени во расправата. Во тој дел сум благодарна на колешката што ги изнесе оние неколку предлози.

Меѓутоа, за останатиот дел, се анализираше се. Од Владата, до господинот Груевски, до пратениците, до опозицијата, владиното мнозинство, договори, преговори итн. итн. Јас мислам дека во најмала рака не беше коректно да ја злоупотребите говорницата и да го ускратите правото на многу пратеници кои сакаа да кажат свои забелешки и свои видувања по однос на Предлогот, повеќе од еден час.

Тоа е доказ повеќе дека да, треба да се димензионира времето на пратеникот што ќе може да го искористи за свое обраќање по одреден прокет.

Вие, во својата дискусија колешке Грковска кажавте една реченица од која јас бев навистина фрапирана. Ќе ве молам, веројатно ќе ми реплицирате на ова што ќе го кажам, за што ќе ви поставам прашање, ќе ве молам да ја прочитате одредбата што се однесува од Предлогот на деловникот, а се однесува на димензионирање, временско димензионирање на дискусиите. Дали некаде пишува, затоа што вие така кажавте, јас многу уредно ја забележав реченицата, дека основната цел е да се ограничат дискусиите на опозицијата.

Јас никаде не видов во Предлогот, иако работев и во работните групи и во подготвувањето на Предлогот на деловникот и во претходниот мандат, бидејќи е тоа оној ист текст од минатиот пат што го работевме, со мали измени, никаде не пишува пратеник од опозиција, од владеачка партија или незнам. Деловникот зборува само за пратеник, што значи ако вашето време е димензионирано, тогаш ќе е димензионирано и моето време. Без оглед дали сега сте опозиција, а јас владеачка партија, како што немало разлика кој од која партија доаѓа.

Ве молам, да ја прочитате одредбата, заради јавноста, дека не се работи за ограничување на или, не знам, димензионирање на говори на опозициони пратеници. Ниту сегашниот Деловник, ниту претходниот, ниту идниот што ќе го донесеме, разлика во пратениците. Пратениците се сите еднакви. Тоа е нешто од што навистина бев фрапирана како ваше искажување.

И, уште една работа, кажавте една ваква реченица - Само 14-те пратеници го потпишале Предлогот за нов деловник и со тоа ја исполниле желбата за апсолутно контрола на сите институции во државата. Јас тоа го запишав, еве го, може и стенограмот да се види, мислевте желбата на Груевски. Тоа е така. Дозволете.

Јас, колешке, да ви кажам, не исполнувам ничии желби, а најмалку на премиерот. А, во деловник никаква желба не може никому да биде реализирана. А по она, само 14 пратеници, да ве потсетам, според сега важечкиот Деловник, а тука нема да има измени ниту во новниот деловник, пратеник може да поднесе предлог. Значи и еден пратеник ако поднесе пердлог, Собранието ќе го разгледува предлогот.

“Само 14 пратеници”, е многу повеќе од доволно да сигнализира дека, дајте колеги да расправаеме за потреба од донесување нов деловник.

Желбите на премиерот или било кој, за контрола на институциите, не можат да се остварат, колку тоа вие да го посакувате или замислувате, преку деловник. Не може да се остварат преку деловник. Бидејќи новиот предлог на деловник не е поповолен за Владата, ма која и да било влада во моментот, туку е многу понеповолен, затоа што најголемиот хендикеп што го имаме во досегашниот деловник е тоа што Владата може да интервенира на своите предлози се до завршувањето на расправата. И во времето од минатата влада и во предминатата и во оваа сега, нам ни се случуваа убади од Владата, да во последен момент го изменат предлогот со свој амандман, кога пратениците, без разлика кои, не можат да интервенираат на таквиот предлог.

Токму заради тоа треба да донесеме и да ги измениме тие одредби, правото на Владата да завршува во правото на пратеникот за амандманска интервенција по предлогот. Тоа една работа што е многу позитивна во новиот деловник. Значи, не ќе може да се остварат желбите на премиерот, како што вие замислувате.

А, втора работа што Предлогот, иако Владата е предлагач во моголем број случаи, ќе останува во сите фази во Собранието. Понатамошното одлучување за текот на целата расправа, по сите фази по однос на некој проект, односно предлог на закон, ќе биде во рацете на Собранието и собраниските комисии. Тогаш, законодавниот дом ќе ја добие својата вистинска улога, односно ние ќе учествуваме во изградба на проектите, а не Владата да ги менува во последен момент.

Ми се чини дека тоа се доволни моменти да подразмислиме за да ја ограничиме Владата а не да и овозможиме желби да остварува преку нашиот Деловник, контрола на институциите. Па, не може таа Собранието да го контролира преку нашиот Деловник, а камоли другите институции. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

Репблика има Грковска Славица, повелете.

**Славица Грковска:** Госпоѓо Лалчевска, заборавате дека е прва фаза и дека зборуваме за потребата за донесување нов деловник. Така што мојата дискусија беше поврзана со целата атмосфера околу детектирање на причините што ве натераа да предложите нов деловник во Собранието. И тоа, мислам дека овој пат претседателот на Собранието не го прекрши Деловникот и не ерагираше заради тоа.

Второ, да ви соопштам дека мојата дискусија околу пооделни членови на деловникот не завршува тука. Повторно ќе се јавам за збор подетално за секој член, поради тоа што деловникот е толку лошо направен, претпоставувам заради тоа што брзавте, колку е можно побрзо и пак ќе кажам, да ја исполните желбата на Груевски за контрола на работењето на Собранието, дека не сте воделе сметка за многу работи, за многу термини што можат да предизвикаат проблеми, за што господинот Никола Поповски зборуваше во првата фаза.

А тоа дека исполнувате желби на Груевски и на ДПА, еве, изјава на потпретседателот на Владата дадена од Владата, на прес конференција на Владата, дека Владата и коалициските партнери имаат позитивен пристап кон ова прашање меѓу владините коалициски партнери има позитивна клима да се смени Деловникот. Ние така дознавме како пратеници дека Деловникот ќе се менува. Не од предлагачите.

Дека ја исполнувате желбата на Груевски произлегува и од овој договор што Груевски вели дека е усмен, дека е записник, дека е потпишан, веќе мислам дека ни самиот не знае што е, само за да се оправда пред ДПА, во кој што се вели дека Деловникот ќе се менува.

Така што, јас ја разбирам ситуацијата во која се наоѓате. Навистина независна. Меѓутоа, реално сте ставени во ситуација да ја исполнувате желбата на Груевски.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика нова, да, госпоѓа Лалчевска.

Повелете, вашата минута.

**Ристанка Лалчевска:** Колешке Грковска, јас незнам како можам да исполнувам желба на Груевски, застанувајќи зад Предлогот за донесување на деловник, на текст што се работи скоро три години. Значи, три години, напомнувам, што произлезе после Твининг програмата во минатиот мандат, кога работевме со Словенците по однос на правилата на работа во Собранието.

Значи, овој деловник не го напишав јас сега, по желба на Груевски, туку овој деловник, текстот на овој деловник, што во 99% е идентичен, се работеше после Твининг програмата во претходниот мандат. Значи, не исполнувам јас желби туку вие ја лажете македонската јавност.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

(Збор процедурално бараат пратениците Рафис Алити и Славица Грковска)

Реплика на излагањето на госпоѓа Лалчевска пријави господин Слободан Најдовски, повелете.

(Реакција од пратениците кои бараат збор процедурално)

А, вие барате процедурално? Повелете.

**Рафис Алити:** Ви благодарам.

Навистина, мислам дека претседавачот на пленарна седница, вие господине Георгиевски, кога ќе земе збор некој пратеник како што беше случајот со претходниот говорник, госпоѓа Лалчевска, треба да знаеме, ние како пратеници, најмалку да ни биде јасно побарала процедурално, реплика, или добила збор.

Доколку таа, како предлагач на деловникот имаше дискусија, тогаш требаше да ни се укаже и нам или да ни се даде сигнал да имаме право на реплика.

Така што од ваша страна не се определи дали беше реплика, дали беше процедурално, или беше дискусија. За цело време времето не се мереше. Дискутираше, имаше една дискусија, излагање што ние, едностано нас не стави во забуна. Бидејќи имавме реплика, ако беше дискускија тоа право ни се одзеде.

Така што, во иднина би било коректно пратеникот или предлагачот, во случајов на Предлогот на деловникот да каже дека зема збор. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Вие би биле потполно во право да јас не и дадев на Лалчевска, како на предлагач. Јас и дадов збор, можеби не сте чуле, можеби не било доволно јасно, но, од самото тоа што не се одбројуваше времето, може да се востанови дека беше збор. Но, добро, благодарам.

(Пратеникот Славица Грковска бара збор процедурално)

Ако имате нешто по процедурата, повелете, како што се договоривме по процедурата.

**Славица Грковска:** Да, јас би сакала господине претседателе да му укажете на предлагачот дека ова не е истиот деловник што се подготвувал согласно Твининг програмата, заради тоа што овој деловник содржи елементи што воопшто не биле дел . . .

(Реакција од пратениците)

**Љубиша Георгиевски:** Ова веќе личи на реплика, ве молам.

**Славица Грковска:** . . .како на пример употребата на јазикот и поднесувањето на амандмани после доставување на амандмани од страна на Владата.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам, благодарам.

**Славица Грковска:** Тоа е пракса што во претходниот мандат ја имаше, а вие ја укинавте. Затоа ве молам да укажете дека тоа не е истиот Предлог.

**Љубиша Георгиевски:** Ова е веќе реплика, дозволете. Ова е реплика и не е коректно.

Повелете господине Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Господине претседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Мојата реплика повеќе е дообјаснување и дополнување, што е согласно Деловникот.

Се согласувам со госпоѓа Лалчевска дека сме разговарале околу поставувањето на Парламентот и регуирање на одредени прашања во работата на Парламентот.

Но, основното прашање, како предлагач, кој сега во име на потписниците на овој Деловник се

јавувате и молба е од мене до ваша страна или побарајте да се перкине оваа седница или повлечете го деловникот. Ќе образложам зошто.

Се поставува основното прашање, кои се причините што сега повторно вие влеговте во игра и што го ставивте на дневен ред деловникот. Само да ве потсетам, ако се исклучи онаа расправа околу државната награда што беше овде “23 ноември”, изминативе неколку месеци имавме одлична работа на Парламентот. Ги донесовме сите закони што ни беа предложени, сакате со ѕвездичка или како сакате наречете ги, што се од интерес за Република Македонија.

И сега, наеднаш, јас се чудам и не можам да сфатам кој паметен повторно од вчера ни го вметна деловникот во расправа овде во Собранието? Не чии желби, туку чија замисла за уништување, за нурнување до крај на овој Парламент се спроведува сега? За тоа е најодговорен претседателот на Собранието.

Што ќе постигнеме, да си поставиме основното прашање, што ќе постигнеме со оваа расправа? Ништо. Ви кажувам ништо! Ќе губиме уште месец, два, три, можеби и пет месеци и вака како што е прдложен нема да стигнеме до крај со расправата по овој деловник.

Затоа сакам да ве замолам, дајте да ги донесеме сите други закони. Во изминативе 2 - 3 месеци се покажа дека Деловникот не ни е пречка. Дајте да се договориме кога ќе се постигне договор, тогаш претседателе постасвете го деловникот за расправа на седница.

Во спротивно, сега ја спроведувате контролата од страна на господин Груевски, преку претседателот Георгиевски за контрола на Парламентот. Синојка слушнав, и кажав на госпоѓа Бонева, една фрапантна, страшна реченица. Вели дека им забранила на пратениците од парламентарното мнозинство да зборуваат за да биде поефикасен Парламентот.

Јас ќе ви кажам уште поефикасна мерка. Да го укинеме Парламентот, ќе ја укинеме Владата, ќе постои само Никола Груевски и ќе биде најефикасен. Ќе си ги напише законите и ќе се носат.

Затоа, мојата молба е, со оглед на времето како предлагач госпоѓо Лалчевска, побарајте да се прекине расправата по деловникот, да продолжиме по сите останати закони што ги имаме во овој Парламент. До 1 автуст да ги донесеме сите. Ќе ги донесеме, заради тоа што по тие закони воопшто не расправаме.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Само уште оваа реченица претседателе, се извинувам, само уште една реченица.

Во спротивно, сметам дека намерно го урнисувате угледот на Собранието на Република Македонија, под диригентство на Никола Груевски, под дитигенство на претседателот Љубиша Георгиевски. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика на ова излагање нема.

Сега одиме со серијата реплики.

(Пратеникот Марјачно Николов бара реплика на излагањето на пратеникот Ристанка Лалчевска)

На излагањето на Лалчевска реплика? Повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Би сакал да и реплицирам на госпоѓата Лалчевска како предлагач за неколку работи.

Прво, таа од говорницата кажа дека и до сега пратениците имале право да поднесуваат предлози, со овој деловник дека тоа не им се ограничува. Мислам дека тоа е една невистина.

Прво, за да стаса еден закон предложен од било кој пратеник во првата фаза, на првото читање, мора да има поддршка од 15 пратеници. Доколку немате 15 вашиот закон никогаш нема да стаса на седница на Собранието.

Во членот 71 од Уставот јасно стои дека пратениците имаат право да предлагаат закони и да поднесуваат амандмани. Но, со овој член се ограничува класично нашето право да предложиме законско решение да се расправа на пленарна седница, бидејќи мора да бараме поддршка од 15 членови. Тоа е околу демократијата.

Во втората фаза, во второто читање за да поднесете амандман, доколку ви бил одбиен претходно на комисија, мора да барате поддршка уште од 5 пратеници да го поддржат амандманот за да може за истиот да се расправа на седница на Собранието, што е уште едно ограничување. Кога овие и уште неколку работи ќе се додадат, факт е дека со овој деловник не само што се сака да се ограничи правото на пратениците, туку, пред се, се сака да се ограничи демократијата во Парламентот на Република Македонија. Ова е класичен упад во правата на пратениците кои им се дадени со Уставот и тука предлагачот може колку сака да објаснува дека е демократски деловникот или исправен, за жал, не може да ги одбрани овие ставови. Госпоѓата Лалчевска е неколку мандати во Парламентот, нека се обиде нека објасни како ги толкува овие членови.

Понатаму околу тоа дали сме нечии извршители или не сме, еве, тие како предлагачи нека објаснат кои се тие 46 закони, зошто не ни ги доставија, што треба да ги внесеме во деловникот, и зошто не ги доставуваат сега во првата фаза да видиме, можеби некои други одредби ќе се менуваат, туку чекаме сега да создадеме ситуација во Парламентот да се оддолжи расправата, да се релативизира можеби значењето на тие закони и да се обвини опозицијата дека го одоговлекува процесот и на тој начин да се бара виновник за нешто што го направил премиерот во договор со Али Ахмети, кој е таен договор, никој не го знае. Затоа, мислам дека стануваме средство или орган на Владата на Република Македонија, а според Уставот ние сме над нив и треба да ја контролираме нивната работа. Толку околу подредената положба на Парламентот или на пратениците.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика за госпоѓата Ристана Лалчевска, повелете.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе.

Само едно дообјаснување на она што го кажа мојот колега Марјанчо. Да, во Предлогот стои така, меѓутоа, во разговорите со политичките партии, значи во една работна група кога ги усогласивме сите поднесени забелешки, овие работи отпаѓаат од деловникот, значи нема потреба од 5 пратеници за поддршка на амандман и нема потреба од 15 пратеници за прво читање. Овие забелешки се веќе прифатени на средбите со политичките партии, значи во онаа работна група. Тие се усогласени и нема да бидат во новиот текст.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Тука завршивме ...

(Пратеникот Марјанчо Николов бара збор процедурално)

Не, се договоривме на координација. Да си стоиме на договорот.

Повелете господине Рамадани, продолжуваме со турнусот на реплики на излагањето на госпоѓица Грковска. Повелете вашите три минути.

**Агим Рамадани:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Почитувана госпоѓице Славице, немав намера да реплицирам, но ме принудивте со вашето излагање кога зборувавте за деловникот. Цело време не зборувавте за деловникот, туку зборувавте за нешто сосема друго, нешто што вас ве боли и на спонтан начин целиот СДСМ и вашата партија, која не знам кој ја контролира и кој ја раководи бидејќи по се изгледа има 4 или 5 фокуси на наредби кои ги добивате, па не знам која фракција или кој дел го застапувате вие. Настојувавте овде со измислици да направите една дискредитација на албанската политика овде во Македонија, на албанската политика на Балканот и на политиката на Владата на Република Македонија, за кој 4 години работевте на систематски начин да ја уништите преку т.н. Охридски договор, формирајќи еден друг договор, така наречен, кој денес го злоупотребувате овде на флагрантен начин. Вие почитувана госпоѓице 4 години бевте со вашиот партнер на власт и во ниту еден момент не дозволивте тој да ги имплементира тие закони кои произлегуваат од Охридскиот договор, што се задолжителни, кои го опфаќаат целиот Парламент, кои ја опфаќаат цела Македонија и можам да кажам дека е еден Охридски договор, како што е Дејтонскиот договор и Кумановскиот договор. Ве молам, вие немојте да ја дискредитирате албанската политика во Македонија, земајќи го како пример ДПА која врши конструктивна политика, проевропска политика, пронато и проатланска политика. На крајот на краиштата, ова го потврди и господинот Џорџ Буш кога дојде во Албанија и рече јас сум сојузник на сите Албанци, јас сум сојузник на Македонија, која ја спомна со име, го пофали премиерот Груевски и рече водите една правилна политика. Вие не сакавте воопшто да го афирмирате тоа, но за да ве потсетам вас на политиката на Груевски, го видовте вчера и завчера писмото кое лично со своја рака го напиша господинот Буш и рече дека чувствува задоволство за Владата на Република Македонија, за Македонија која ќе стане членка на НАТО и ќе стане членка на Европската унија и мило ми е што не го има патот кон Белград и кон Москва. Јасно укажа, бегајте од Србија, бегајте од Москва, бидејќи тие се ѓаволот на 20-от век. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика за госпоѓица Грковска, повелете една минута.

**Славица Грковска:** Да му соопштам на мојот почитуван колега дека ова што го зборуваше на говорницата воопшто не е точно. Во претходниот мандат СДСМ ги спроведе сите обврски кои произлегуваат од Охридскиот рамковен договор и тоа беше меѓународно признаено, со тоа што Република Македонија го стекна кандидатскиот статус за членство во Европската унија. Сите меѓународни претставници дадоа признание на Република Македонија дека ги спроведе обврските од Охридскиот рамковен договор и дека успеа во рок од само три години, од држава во пост конфликтна состојба да ја доведе во состојба на кандидатски статус, благодарение на тоа што го спроведувавме Охридскиот рамковен договор. Меѓутоа, ние не бевме оптоварени од перцепцијата за себе и со нашиот партиски рејтинг, туку бевме оптоварени со она што треба да го направиме за Република Македонија и за нејзините национални интереси.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Сега реплика има госпоѓа Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе.

Жалам што колешката зборуваше повеќе од еден час и наместо да зобрува да Деловникот за работа на Собранието, зборуваше за се и сешто, а најмалку за Деловникот. Тоа е доказ за потребата од нов деловник за работа.

Нашите заложби се во континуитет, бидејќи и вие бевте во претходниот состав на Парламентот, и колешката Ристана Лалчевска и јас, токму на крајот на мандатот се усогласивме со претседателот на Собранието дека е потребен нов деловник за работа, за да не злоупотребува парламентарната говорница и жалам што тогаш не се донесе деловникот за работа на Собранието, бидејќи денес немаше да има можност да зборувате се и сешто и да го злоупотребувате времето не само на пратениците, туку и на сите граѓани. Уште еден податок и доказ за потребата од нов деловник за работа и ограничување на дискусиите, освен фактот дека во сите земји на Европската унија, речиси, и во сите оние кои што се апликанти за членство во Европската унија, времето на дискусиите во парламентите е ограничено, зборува и фактот што за 10 месеци ова Собрание има одржано 165 седници. Од 165 седници, имаме усвоено 159 закони, значи немаме ниту по

еден закон на ден. Тоа е резултат на огромниот број јалови дискусии овде во Собранието на Република Македонија и наша заложба треба да биде, ако сакаме да станеме членка во Европската унија и НАТО, да си воведеме нови правила, како што ја цитиравте мојата изјава. Токму тоа, бидејќи треба да воведеме нови правила овде во Собранието, а партијата на власт е најодговорна за тоа како функционира еден парламент, бидејќи ние ја носиме одговорноста колку закони ќе бидат донесени. Вие постојано не прозивате, иако е заедничка обврска, да ги носиме што побрзо законите за усогласување со законодавството на Европската унија и вие декларативно за тоа се залагате, и сега треба да го помогнете овој процес, а не да го закочите. Треба сите заеднички она што го договоривме на координација, да го кажеме она што не  сме го кажале досега, да кажеме што е тоа што имаме забелешка на Деловникот, да ја завршиме првата фаза, а во наредната фаза да можеме да го кажеме другото.

И уште нешто. ВМРО-ДПМНЕ ништо не глуми, ниту пак кукавички се однесува, со тоа што предлага надминување на проблемот со блокада на работата на комисиите на кои треба претседаваат нашите колеги кои зборуваат албански јазик. Нашиот став и порано и сега е дека деловникот за работа на Собранието мора да се почитува, во претходниот парламентарен состав ја почитувавме одлуката односно мислењето на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања, и тогаш кажавме на господинот Иљаз Халими дека кога ќе се промени деловникот, ќе го почитуваме новиот деловник, кога ќе биде дозволено претседавањето на албански јазик. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика за госпоѓица Грковска, повелете вашата минута.

**Славица Грковска:** Мислам дека треба да се засрамите госпоѓо Бонева кога велите дека ние го кочиме донесувањето на европските закони кога знаете дека секогаш благодарение на СДСМ ги носиме тие закони, затоа што обезбедуваат кворум, затоа што имаат конструктивни дискусии и заради тоа што со долготрајни дискусии не сме блокирале донесување на ниту еден закон. Меѓутоа, со ваквата политика што ја правите вие испраќате друга порака до опозицијата, дека ако потреба ви годи кога опозицијата е конструктивна, ама кога не ви годи, кога е во партиски интерес, тогаш ќе кажете дека опозицијата ги блокира работите.

Бидејќи велите дека вашите  забелешки се во континуитет, ќе ви докажам дека не се. Еве го извештајот од Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања, во која меѓу другото членувале членови на ВМРО-ДПМНЕ и госпоѓата Лалчевска, во кој што се вели дека не само врз основа на деловникот, туку и врз основа на Амандманот 5 од Уставот на Република Македонија седниците на Собранието и на комисиите може да се водат само на македонски јазик и неговото кирилско писмо. Толку од вашата конзистентнот и континуитет.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплика на госпоѓица Грковска, има збор пратеникот Садула Дураку, повелете.

**Садула Дураку:** Благодарам.

Дами и господа пратеници, почитувана колешки,

Не треба да се вознемирувате за поранешните случаи кои ги спомнавте, за некои личности кои навистина излегуваа кога се бараше образование на Албанците, излегуваа под шатори и беа пред Собраниеот или пред овој Парламент. Денес со реформирани истите тие и неколкумина кои навистина го напуштаа парламентот затоа што се поздравуваше само на албански јазик од оваа говорница, а денес е премиер, самонаречен премиер, така што се реформирани. Треба да бидете задоволна затоа што овие луѓе се реформирани сега и навистина нивното реформирање оди кон новиот век. Не треба да се чудиме дека во овој Деловник за работа нема некои новини кои навистина треба да се пофалат во однос на Албанците. Овде навистина се игнорира албанскиот јазик и со овој деловник и мислам дека и понатаму треба да размисли и македонскиот камп, навистина да размисли и да чекориме напред неигнорирајќи го албанскиот јазик, бидејќи албанскиот јазик не е јазик кој е неприроден, туку е природен јазик, создаден од господ, а никако од некој кој го сака или не го сака овој јазик.

Во овој деловник повторно нема ништо посебно за албанскиот јазик. Ова прашање не е доволно регулирано, но мислам дека со договорот кој е склучен ќе се регулираат сите нешта и навистина Македонија ќе чекори кон правилниот пат на Европската унија.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам госпоѓице Грковска, вашата контра реплика.

**Славица Грковска:** Јас не сум загрижена заради тоа што се реформираат политичаарите, јас сум загрижена заради тоа што политичарите се реформираат само кога се на власт. Оваа владеачка гарнитура, Груевски, ВМРО-ДПМНЕ, кога е на власт промовира идеи за поделба на државата,промовира идеи за поголема употреба на албанскиот јазик, а во меѓувреме додека е во опозиција се промовираат најголемите патриоти и душегрижници за иднината на државата. Мене тоа ме загрижува, заради тоа што имаме политичари кои што немаат конзистентна политика, туку прашањата од меѓуетнички карактер ги користат во зависност од тоа дали се на власт или опозиција.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Сега реплика на излагањето на госпоѓа Грковска има господин Тахир Хани, повелете.

**Тахир Хани:** Ви благодарам.

Почитувани пратеници, почитувана колешке Славица Грковска,

Мислам дека во вашето излагање околу расправата за Предлог деловникот на Собранието, сакам да нагласам дека ДУИ начелно има позитивен став, затоа што воспоставувајќи се во агендата на донесување на овој деловник во Република Македонија, доаѓа до израз и во прашање практичното реалицирање на постојниот договор меѓу лидерот на ВМРО-ДПМНЕ и коалиционите партнери, како и лидерот на ДУИ. Тоа што сакаше да го нагласи Трајко Вељаноски во насока на координаторот на ДУИ Рафис Алити, разликата е во фактот што нашиот есенцијален став е дека треба да бидеме добро консултирани и во фазата на донесување на Предлогот на деловникот треба да имаме подобра и вистинска координација и јавноста треба да биде подобро информирана за постојниот договор меѓу двата политички лидери.

Во однос на официјалната употреба на албанскиот јазик, во деловникот исто така има договор меѓу двајцата лидери и мислиме дека во овој деловник што сега е предложен го нема потребното место што треба да го има врз основа на договорот, Охридскиот рамковен договор, врз основа на Амандманот 5 од Уставот на Република Македонија, но над се сакам да нагласам дека и врз основа на духот на Охридскиот рамковен договор, а духот на Охридскиот договор подразбира Република Македонија во согласност со многуетничката реалност, во согласност со политичките сили кои постојат меѓу Албанците и Македонците, треба да се изгради еден дух на стабилоност и тој дух на стабилност стои во фактот дека албанците треба да го имаат заслученото место во однос на упоребата на албанскиот јазик како што припаѓа. Затоа членот 3 е неприфатлив за ДУИ и ова секако треба да претходи во согласност со точката која е во договорот меѓу Никола Груевски и Али Ахмети, значи треба да се донесе закон за употребата на јазиците врз основа на Охридскиот рамковен договор и Амандманот 5 од Уставот. Сакам да го докажам тоа што госпоѓица Славица ја става во дилема, ја става во дилема договорот меѓу двајцата лидери, но тао е еден фактички реален договор и за денешно време.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете госпоѓице Грковска.

**Славица Грковска:** Почитуван колега, јас ја разбирам Демократската унија за интеграција заради тоа што инсистира на почитување на роковите од договорот кој што го договориле Груевски и Али Ахмети. И дилемата е кај Груевски, кај ВМРО-ДПМНЕ заради тоа што немаат храброст да излезат и да кажат дека договор постои, да го покажат договорот, да кажат точно што се договориле и да кажат дека имаат рокови кога договореното треба да се спроведе. Така тоа не е одлика на сериозни политичари, тоа не е одлика на луѓе што треба да ја водат оваа држава. Груевски треба да излезе и да објави и на своите членови и на ДПА, да собере храброст да каже дека седнал со Али Ахмети, дека се договорил и дека има обврски кои што произлегуваат од тој договор и кои што мора да ги спроведе.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика, госпоѓа Фљора Кадиу, повелете.

**Фљора Кадриу:** Ви благодарам почитуван претседателе.

Почитувана колешке, значи за демократско однесување и одговорност во едно Собрание е токму толеранцијата и свесноста на опозицијата. Опозицијата за да биде конструктивна треба да биде само свесна и да соработува за доброто на граѓаните и државата. Секоја опструкција означува запирање и одложување на процесите и реформите, а со тоа и назадување на демократскиот развој на општеството. Многу често госпоменувате кворумот за работа на Собранието и многу често ја споменувате присутноста на пратениците од вашата партија за обезбедување кворум. Според функцијата што ја имате и со самиот факт што граѓаните ве одбрале да ги застапувате вие, па и сите ние пратениците во ова Собрание имаме морална должност да бидеме присутни на седниците и да ја вршиме нашата задача и обврска онака како што ни доликува. Од сите ваши говори, особено околу Деловникот се забележува загриженоста од употребата на албанскиот јазик при водење на седниците на комисиите доколку претседател на овие комисии е претставник од албанската заедница. Со спротивставување на едно вакво демократско право вие колешке само укажувате на фактот дека воопштоне сте спремни да придонесете за демократскиот развој, стремеж на нашето општество и со тоа истовремено укажувате дека вие како партија сеуште имате назадни, би рекла комунистички предрасуди и идеи кои само ја уназадуваат амбицијата на граѓаните за креирање на едно модерно современо демократско општество. Според Уставот ние Албанците го имаме тоа право и вие ни вербално, ни со говор,ни со ништо не ќе можете да го спречите тоа истото. Меѓутоа, да ве потсетам дека Договорот за стабилизација и асоцијација е потпишан од страна на ДПА и ВМРО уште во април 2001 година. И уште тогаш Македонија беше пред зачленувањето во НАТО. Меѓутоа, вие и вашиот партнер ДУИ ја

започнавте војната и сега се фалите со исполнување на сите обврски од Охридскиот договор. До колку сите обврски веќе се исполнети, зошто ние треба да говориме за употребата на албанскиот јазик? Зошто ДУИ кое што револуционерно постапи во тој период, зошто на револуционерен начин и метод да речеме не постигна албанскиот јазик да се употребува претходните 4 години, туку денеска велат: ние воспоставуваме договор со премиерот, со мнозинството, со партијата која што е на власт. Сето тоа што ќе се постигне во овој период е заслуга на ДПА, затоа што ДПА е на власт, се разбира заедно со ВМРО-ДПМНЕ.

**Љубиша Георгиевски:** Процедурално господинот Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Бидејки се кажаа многу невистинити работи од претходниот говорник и се искажаа тешки зборови дека Демократската унија за интеграција заедно со СДСМ ја направија војната. Кога беше војната, ДУИ не постоеше како партија. Бараме 30 минути пауза за да се добијат стенографските белешки и да видиме што е кажано во репликата на претходниот говорник.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика има Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Госпоѓо Кадиу, ако внимателно ме слушавте, јас го прашав ВМРО-ДПМНЕ што се измени после 5 јули во Уставот, во Деловникот, па ВМРО-ДПМНЕ сега го смени ставот за употреба на јазикот и предлага претседателите на комисиите да претседаваат на албански јазик. Тоа беше моето прашање. Што се смени? Ако до претходно излегуваа од пленарната седница на чело со Груевски ког анекој пратеник ќе почнеше да зборува на албански јазик, ако излегуваа од комисиите кога некој ќе почнеше да претседава на комисиите на албански јазик. Што се измени после 5 јули, освен, ВМРО-ДПМНЕ дојде на власт. Јас да бидам искрена не сум сигурна дека сте вие коалиционен партнер на ВМРО-ДПМНЕ, туку дека е тоа ДУИ.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика господин Цветко Грозданов на излагањето на госпоѓица Грковска.

**Цветан Грозданов:** Благодарам претседателе. Јас ќе кажам дека, ако ова е конструктивна дискусија, мислам дека народот веќе воопшто не не гледа, бидејки после 65 минути излагање на госпоѓа Грковска воопшто не се задржа на проблемот Деловник кој што е денеска точка на дневен ред. Инаку, ќе напоменам изгледа госпоѓица Грковска е со слабо паметење, па сега прашува што се измени после 5 јули? Јас ќе кажам се измени следното: Падна СДСМ, со неговото паѓање и со формирањето на новата Влада се намали корупцијата, се намали организираниот криминал, се намалија убиствата во Република Македонија. Тоа се постигна со промената на СДСМ. Инаку, ќе се задржам на првиот дел од нејзиното излагање по точката на врвните приоритети, капацитетот и повторно непотизмот. Она што СДСМ прејудицираше во изминатиот период е правење на лажна слика за политичката криза во државата, бомбардирајки ја јавноста со зборот: дијалог. Сега кога ВМРО-ДПМНЕ оствари одличен дијалог со сите партии кои што се во Парламентот, СДСМ сега веќе не може да се осврне на било каков проблем, сега изнаоѓаат и прават тензии со вакви неконстуктивни дискусии кои што ги имаа во Парламентот, иако точка на дневен ред е Деловникот за работа на Собранието. Во нејзината дискусија не видовме ништо, буквално ништо што би дала како забелешка за она што е Предлог деловникот за работа на Собранието. Ќе се осврнам на капацитетот. Госпоѓице Грковска, капацитетот на премиерот Груевски е толкав колкав што покажува анкетата и толкав колку што народот му даде мандат на господинот Груевски. Инаку, ќе ве потсетам, вашиот капацитет на вашиот ментор Бранко Црвенковски, вашиот капацитет господинот Бучковски, вашиот капацитет госпоѓа Радмила Шекеринска, вашите потпретседатели, па ќе ве сврстам ако сакате и вие тука не можете да го постигнете капацитетот на господинот Груевски. Ако анкетите го кажуваат тоа збирно математиката која што ја дава процентуалноста, значи не можете процентуално да го стигнете рејтингот на господинот Груевски. Е тој е капацитетот ваш, а тој е капацитетот на господинот Груевски земено сите вие , а тој сам. Не зборувам и за ВМРО-ДПМНЕ како политичка партија.

Што се однесува на непотизмот само ќе ве потсетам, на непотизмот можете да учите од вашата лидерка. Земете ги стенографските белешки, земете ги снимките од медиумите кога излегоа за нејзиниот татко и за нејзината мајка и кога објави дека тие се врвни стручни лица. Во ред, затоа и ги оставивме. Не зборувавме за непотизам. До кога вие за одредени квалитети ќе зборувате за непотизам? Барем вие немате право да зборувате за тоа.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Интересна е потребата на пратениците од ВМРО-ДПМНЕ да ја играат улогата на адвокат на Груевски. Меѓутоа, господине Грозданов, јас би била повнимателна кога вие би го поистоветувале капацитетот на Груевски со неговиот рејтинг, заради тоа што можеме таа истата паралела да ја направиме со Милошевиќ и тоа нема да не води никаде.

Непотизмот, организираниот криминал го промовираше Груевски како начин на функционирање на неговата Влада, со тоа што си ги стави првите братучеди на позиции од кои што може да се контролира и корупцијата и организираниот криминал. Не направил ниту еден чекор на решавање на поголеми корупциски скандали што се случија. Прави шминка и во борбата против корупцијата и во конфликтот на интереси и во решавање на прашања кои што се од национален интерес на Република Македонија.

Кризата во политичкиот дијалог ја промовираше Груевски и за тоа не треба никој друг да каже, туку тоа беше на очиглед на сите граѓани на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Објавувам половина час пауза по барање на пратеничката група на ДУИ.

(Пауза од 13,00 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 13,35 часот)

**Иван Анастасовски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Бидејќи беше побарана пауза од пратеничката група на ДУИ, претпоставувам господин пратеник

Рафис Алити барате процедурално во тој контекст.

Повелете три минути процедурално.

**Рафис Алити:** Навистина стана практика од страна на пратениците на позицијата да се кажат многу невистинити работи, да се злоупотреби говорницата, така што, ние како парламентарна група и даваме на знаење на јавноста, исто така и на нашите колеги пратеници дека ќе покренеме иницијатива за невистинитите работи што се кажуваат тука, поаѓајќи од пратеникот Шабан Салиу, кој што на една седница рече дека некој му понудил 3 милиони евра. Поаѓајќи од известувањето на господинот Матоши, кој што исто така ја обвини парламентарната група на ДУИ дека организира убиство и за тоа не понуди досега ниту еден аргумент и поаѓајќи од последниот говор што го имаше госпоѓата пратеник Флора дека борбата ја организираше ДУИ и СДСМ. Јас ја потсетувам јавноста дека пред 2001 година и во текот на 2001 година ДУИ не беше политички субјект, туку, што се однесува на војната, ќе ја потсетам госпоѓата пратеник Флора и ќе биде добро таа да направи дополнителна консултација со поранешните пратеници од таа партија, посебно со пратеникот Фатмир Асани, господинот Зуди Џелили, да се консултира и со актуелните пратеници кои што ги има во нејзината партија, господинот Матоши, Лека и многу други за тоа зошто настана 2001 година и кој ја почна војната во 2001 година. За тоа, јас нема да држам предавања тука госпоѓо Флора, туку тоа време вие бевте по подруми. Седевте на свежо место. Ќе ве потсетам и вас и јавноста дека и Милошевиќ имаше многу платеници Албанци што го удираа по грбот. Што ги удираа Албанците по грбот, меѓутоа, и тој и тие завршија лошо. Така што, кога се говори за војната вие најмалку имате право овде да ја спомнете истата. Но, истовремено, вашата парламентарна група и највисокиот врв на вашата партија секогаш со полна уста во земјата и надвор го спомнуваат Охридскиот рамковен договор и имплементацијата на истиот договор. Што значи, добрите работи од таа војна ви доаѓаат добро и вас. Од друга страна СДСМ и ДУИ организирале војна. Така што, тука треба да бидат доста внимателни, затоа што не и правите добро, ниту се почестувате себеси, ниту електоратот кој го застапувате.

**Иван Анастасовски:** Јас само сакав да дадам коментар, бидејќи ако добро се сеќавате вчера на координација во попладневните часови се договоривме, каде што беа сите претставници на пратеничките групи во принцип она што значи процедурална забелешка да не ја злоупотребуваме. Еве, јас таков збор да употребам. Да се држиме до тоа навистина, каде е реална процедурата. Овде во Собранието е нарушена. Вие на почетокот на вашата процедурална забелешка колега Рафис Алити дадовте легитимно барање, односно рековте дека сакате да покренете, поради некои невистини, или инсинуации изнесени од колегите пратеници овде во Собранието, сакате да покренете таква активност во Собранието, што е легитимно за сето тоа да се испита. Добро е Собранието да не се инволвира во тоа. Значи, таа етикета да ја тргне од самото себе, Собранието како највисок законодавен дом. И за тоа го респектирам.

Вториот дел, за жал, беше надвор од тоа што вчера се договоривме. Повторно се употребија некои термини и се спомнаа луѓе, а впрочем, за тоа не се договоривме вчера. Сега претпоставувам колегите Каба Гарип, Кадриу Флора, сте за процедурално.

Јас сум обврзан согласно Деловникот да ви дадам процедурално. Меѓутоа, сакам однапред да ви речам, ако не се држите до процедурата, јас ќе бидам приморен да ви го одземам зборот. Јас го опоменав колегата и сега му давам повторна опомена. Во случај ќе бидам принуден да ја прекинам и седницата. Ако мислите Деловникот да го претвориме овде, како што и самите дискутанти рекоа хаос во Собранието, јас тоа нема да го дозволам. Да бидам искрен и отворен пред вас. Јас тоа нема да го дозволам, го имам тоа право да ја прекинам седницата. Меѓутоа, вие сте легитимно пријавени за процедурално.

Три минути процедурално има пратеникот Гарип Каба, повелете.

**Гарип Каба:** Ви благодарам.

Јас внимателно го ислушав господинот Рафис Алити. Сега, нека се разбере мојата интервенција како процедурална забелешка, меѓутоа, сепак, ќе направам едно навраќање малку кон дискусијата на господинот Рафис Алити. Факт е дека неговата вознемиреност како координатори на неговата партија, сигурно со дискусијата на Флора, тие се почуствуваа засегнати и револтирани. Меѓутоа, јас сакав да нагласам една работа на господинот Рафис и на неговите другари и пријатели, при што јас и многу други луѓе, како политички дејци од 90-те години, или пак после 80-те години како илегални дејци, кои што го дадоа својот придонес за националната кауза. За тоа е сведок и Рафис, меѓутоа, и неговите другари од парламентарната група и не би сакал поименично да ги кажам. Ние навистина очекувавме со полно срце што ќе ни донесат идеите и концептите на овие ослободители. Сме очекувале навистина овие луѓе да донесат вистинска слобода, онака како што прокламираа и онака како што беше идејата на почетокот. Меѓутоа, за жал, констатиравме сите заедно од месец август од склучувањето на Рамковниот договор и пред тоа дека овие луѓе немаат концепт каков што претендираат да имаат. Отидоа глави и невини жртви, кои што ние од регионот на Струга, јас како пратеник од таа зона сме изгубиле жртви кои што не биле учесници во таа војна, која што не ја извади вистинската глава и војна која што досега се уште нема објаснување за тоа зошто се направи. Јас, тука сакам да нагласам еден факт кој што семејствата од регионот на Струга и околината до ден денес бараат објаснување за тоа зошто се случи таа војна и зошто отидоа тие жртви.

Затоа, господине другар Рафис јас можеби емоционално ова го кажувам, меѓутоа, вие можеби сте сакале повеќе, меѓутоа, реалноста е таа што е и треба да се согласите со тоа.

**Иван Анастасовски:** Почитуван колега, јас ве сослушав до крај. Еднаш ве предупредив. Значи, дефакто ние овде излегуваме од она што беше договорот вчера на координација.

Се извинувам колега Рафис, вие имавте легитимно барање. Јас не сакам Собранието да го инволвирам во тоа што било порано. Покренете го вашето барање како пратеничка група и ајде како Собрание да расправаме за тоа.

Вие дебатата за тоа како треба во иднина да работи Собранието, значи за Деловникот, како треба во иднина да се однесуваме ние како пратеници, го префрлувате на едно друго време. Затоа почитувни колеги, а го имам тоа право како претседавач да го направам, јас реков во процедуралните да не спомнуваме личности и имиња. Мислам дека сепак сите треба да се држиме до тој договор.

Затоа, почитувани колеги, бидејќи во 15,00 часот сум известен дека има координација на коалицијата, на мнозинството со премиерот и сите министри, а секогаш како Собрание сме излегувале во пресрет на таквите барања, јас овде ќе ја прекинам денешната дебата. За продолжение на оваа расправа ќе бидете дополнително известени, а утре има нова седница, каде што ќе бидат поставувани пратенички прашања. Па можете и овие прашања да ги поставите на некои од министрите. Ви благодарам колеги.

Со тоа ја затворам денешната работа.

(Седницата прекина со работа во 13,45 часот)